ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09 - 12033/1
27-11- 2023
Скопје

Врз основа на член 45 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 215/21 и 99/22), а во врска со Записникот од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-2014/4 од 24.11.2023 година, Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

1.За извршител на работното место со шифра УПР0101В01000 **Советник за утврдување и наплата на данок на имот,** Одделение за утврдување и наплата на данок на имот, Сектор за даноци на имот и комунални такси, 1 (еден) извршител по јавен оглас 464/2023 објавен на ден 09.11.2023 година, **не се избира кандидат** поради тоа што по извршената административна селекција немаше уредни кандидати кои се квалификуваат во втора фаза.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 09.11.2023 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 464/2023 за вработување на административен службеник во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр. 10-2014/3 од 14.11.2023 година, на ден 24.11.2023 година изврши адмнистративната селекција за административен службеник.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник за извршената административна селекција за административен службеник број 10-2014/4 од 24.11.2023 година во кој се утврди дека нема уредни кандидати кои продолжуваат во втората фаза.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Секторот за управување со човечки ресурси
- Агенцијата за администрација
- Архивата

Град Скопје
Секретар

Зоран Глигоров